Музеј на Град Скопје • 15 - 25 Октомври 2009



# THE WORLD WITHIN

групна изложба • дискусија • видео проекции

„Внатрешен свет" е истражувачки проект којшто започна во Берлин во март 2009 година, а завршува во Скопје. Проектот беше реализиран како дел од активностите на кураторката Елена Велјановска, којашто од март до август 2009 година, работеше како гостин-куратор во Берлинската галерија Stedefreund. Престојот беше овозможен со доделувањето на RAVE стипендијата за млади куратори, а по покана на галеријата Stedefreund од Берлин. Проектот се состои од три дела: изложба, дискусија и програма на видео проекции.
Проектот беше прикажан во галеријата Stedefreund во Берлин во јули- август 2009 година.

„The World Within" ist ein Forschungsprojekt, das in Berlin im März 2009 begann und nun in Skopje endet. Das Projekt wurde als Teil der Aktivitäten der Kuratorin Elena Veljanovska, die von März bis August 2009 als Gastkuratorin in der Berliner Galerie Stedefreund arbeitete, realisiert. Ihr Aufenthalt wurde durch den Erhalt eines RAVE-Stipendiums für junge KuratorInnen und der Einladung der Galerie Stedefreund aus Berlin ermöglicht. Das Projekt setzt sich aus drei Teilen zusammen: Ausstellung, Diskussion und einem Programm mit Videoprojektionen. Das Projekt wurde in der Galerie Stedefreund in Berlin von Juli bis August 2009 gezeigt.

CIP - Каталогизација во публикација;
Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски", Скопје

ВЕЛЈАНОВСКА, Елена
The world within / [текстови Елена Велјановска = texte Elena Veljanovska ; превод Маргарете Заев = ubersetzung Margarete Zaev].
- Скопје : Темплум, 2009. - [24] стр. : илустр. ; 21cm

Текст на мак. и гер. јазик

ISBN 978-9989-189-60-9
I. Veljanovska, Elena види Велјановска, Елена
а) Ликовни проекти - Македонија - Германија - Изложба
COBISS.MK-ID 79825418

Почитувани дами и господа,
Почитувани Љубители на уметноста,

2009-та година за Сојузна Република Германија е многу посебна година: славиме 20 години од падот на Берлинскиот ѕид и 60 години од Уставот, значи го славиме роденденот на Сојузна Република Германија. По тој повод Германската амбасада Скопје заедно со Гете-Институтот, канцеларија за врски Скопје, од 23.09. до 31.10.2009 г., ги организира Германските недели во Македонија.

20 години од падот на ѕидот не значи само 20 години спојување на Источна и Западна Германија. Пред се значи 20 години од крајот на Ладната војна, надраснување на последната голема граница во Европа и со тоа 20 години од „повторното соединување" на Европа.

Се радувам дека заедно со фондацијата Роберт Бош можам да Ви го претставам еден од најистакнатите настани на Германските недели: изложбата „Внатрешен свет". Тема на „Внатрешен свет" е значењето на границите во нашата животна реалност, земајќи го како почетна точка падот на ѕидот пред 20 години. Изложбениот проект е пример на германско- македонската соработка, се изложуваат делата на три македонски и на три германски уметници. Особено ми е мило дека трите уметници од Берлин можеа да дојдат во Скопје, за да го зботатат германско- македонскиот културен дијалог. Делата веќе беа изложени во јули и август 2009 г. во Берлин, каде што за овој истражувачки проект престојуваше и кураторката Елена Велјановска.

Во исчекување сум како делата ќе бидат прифатени во Македонија- во друг културен и социо-политички контекст од Берлин. Се радувам на вдахновени, можеби и контроверзни дискусии, како и на плодна содржинска размена.

Уметноста и културата живеат од средби и взаемни инспирации. „Внатрешен свет" е уште еден конец во шарениот тепих на многустраното германско- македонско заедништво. Се надевам дека „Внатрешен свет" ќе биде еден долготраен придонес кон европската културна размена.

Улрике Марија Кноц
Амбасадорка на Сојузна Република Германија

Sehr geehrte Damen und Herren,
Liebe Kunstliebhaber,

Das Jahr 2009 ist für die Bundesrepublik Deutschland ein ganz besonderes Jahr: wir feiern 20 Jahre Fall der Berliner Mauer und 60 Jahre Grundgesetz, das heißt den Geburtstag der Bundesrepublik Deutschland. Aus diesem Anlass veranstaltet die Deutsche Botschaft Skopje gemeinsam mit dem Goethe Institut Verbindungsbüro Skopje vom 23.09. bis 31.10.2009 Deutschlandwochen in Mazedonien.

20 Jahre Mauerfall bedeutet nicht nur 20 Jahre Zusammenwachsen Ost- und Westdeutschlands. Es bedeutet vor allem 20 Jahre Ende des Kalten Krieges, Überwindung der letzten großen Grenze in Europa und damit 20 Jahre „Wiedervereinigung" Europas.

Ich freue mich, Ihnen als einen der Höhepunkte der Deutschlandwochen gemeinsam mit der Robert Bosch Stiftung die Ausstellung „The World Within" präsentieren zu können. „The World Within" thematisiert, ausgehend von der Erfahrung des Mauerfalls vor 20 Jahren, die Bedeutung von Grenzen in unserer Lebenswirklichkeit. Das Ausstellungsprojekt ist beispielhaft für die deutsch-mazedonische kulturelle Zusammenarbeit, denn gezeigt werden die Arbeiten dreier mazedonischer sowie dreier Berliner Künstlerinnen und Künstler. Ich freue mich außerordentlich, dass die Berliner Künstlerinnen zur Ausstellung nach Skopje reisen konnten, um so den deutsch-mazedonischen Kulturdialog zu bereichern. Die Arbeiten waren im Juli und August 2009 bereits in Berlin zu sehen, wo sich die Kuratorin Elena Veljanovska zu diesem Rechercheprojekt aufgehalten hat.

Ich bin gespannt darauf, wie die Werke in Mazedonien ankommen werden – in einem anderen kulturellen und gesellschaftspolitischen Kontext als in Berlin. Ich freue mich auf anregende, vielleicht auch kontroverse Diskussionen sowie einen fruchtbaren inhaltlichen Austausch.

Kunst und Kultur leben von Begegnung und gegenseitiger Inspiration. „The World Within" ist ein weiterer Faden im bunten Teppich des vielseitigen deutsch-mazedonischen Miteinanders. Ich hoffe, dass „The World Within" ein nachhaltiger Beitrag zum europäischen Kulturaustausch sein wird.

Ulrike Maria Knotz
Botschafterin der Bundesrepublik Deutschland

20 Jahre Mauerfall
60 Jahre Bundesrepublik Deutschland

„Внатрешен свет“

Се обидувам да се сетам на првата декада од мојот живот, најраното детство... 1979-1989, 10 годишна возраст, Скопје... Пригушена домашна атмосфера, вклучен телевизор, вести... цртани филмови во 19.15 ч., игран филм потоа, па одење во кревет. Случките се секогаш во најтесниот круг на семејството, улицата на којашто живеам, детската градинка, основното училиште, понекој викенд надвор од градот... Сеќавањата од тој период се апстрактни, матни, измешани со понекоја случка, атмосфера или чувство; нешто коешто поцврсто се врежало во мојата меморија. Размислувам за клучните зборови коишто ми го одбележуваат овој период: детство, игра, Бранко-коцкица, Бушава азбука, Политикин Забавник, Тито, Мир, Братство-Единство, Југославија, Берлински Ѕид...

Во втората и третата декада од мојот живот, кога станав свесна за светот околу мене, во мојот речник се појавија нови зборови и поими чиешто вистинско значење ми стана блиско дури откако се случија во моето непосредно опкружување: војна во соседството, Босна и Херцеговина, независност, колони за бензин, ЕУ, интеграција и дезинтеграција, војна во Македонија, корупција... Сите овие зборови имаат удел во креирањето на мојата личност и начинот на којшто размислувам. Промената на приоритетите на тековните влади, различните политички системи, само ја потенцираат флексибилноста на индивидуите да се адаптираат и да ја креираат својата реалност вон овие настани, нешто што ќе остане по смената на тековните струења.

2009 година, скоро 30 години возраст, Берлин...
Пред моето заминување за Берлин, решив да ги ставам на страна сите предзнаења и низ разговор со уметниците да го доживеам градот и да оформам своја слика и искуство за време на мојот тамошен престој. Интересно е како еден град се сеќава на својата историја и како движејќи се низ него се чувствуваат слоевите коишто секоја генерација ги оставила зад себе. Станав свесна за етапите на развој на системите на управување, коишто преку нивниот начин на комуникација оставиле впечаток врз моето сеќавање.

Падот на Берлинскиот ѕид и понатамошните реперкусии се практично еден од оние настани коишто одбележаа две декади од мојот живот. Сеќавањата на овој настан од 1989 се далечни. Низ магла се сеќавам на група луѓе пред телевизиски екран и атмосфера на ентузијазам, возбуда... Чувство на крај на една историска етапа, премин во некоја друга, чувство на ослободување, неизвеснот и исчекување. Берлинскиот ѕид никогаш не бил главен настан во мојот живот, но несвесно секогаш бил присутен во моите сознанија за реалноста што ме опкружува. Живеењето во тој град ме натера да мислам за присуството на овој настан во пејсажот на моите сеќавања. Свесноста дека сум сведок на еден „историски настан“ ме натера да размислувам, сега од многу поинаква перспектива, и за неговото значење во секојдневието на луѓето.

„Внатрешен свет“ е изложба со 6 автори. Таа се фокусира на индивидуалните сеќавања предизвикани од општествените промени во текот на изминатите 20 години во Европа почнувајќи од збиднувањата во Берлин. Таа не ја ре-креира официјалната историја на настаните, туку раскажува лични приказни, покажува различни доживувања на овие промени и потсетува на тоа како еден историски момент влијаел на искуствата на секој поединец. Изложбата отвара простор за сеќавањата, реализирани и нереализирани идеи преплетени со реалните искуства и општествено-политичкиот развој на двете земји од коишто доаѓаат уметниците во изложбата: Македонија и Германија.

На крајот, Берлинскиот ѕид се зема како метафора, почетна точка за дискусија, дозволувајќи им на уметниците понатамошно пребарување во нивната меморија, којашто споена заедно во една изложба креира паралелна колективна свест за одреден просторно- временски развој. Изложбата креира простор кој дава панорамски поглед од овие лични видувања и доживувања.

Елена Велјановска

„The World Within"

Ich versuche mich an die erste Dekade meines Lebens zu erinnern, die früheste Kindheit... 1979-1989, 10 Jahre alt, Skopje...
Gedämpfte Atmosphäre zu Hause, eingeschalteter Fernseher, Nachrichten... Zeichentrickfilm um 19.15 Uhr, danach Spielfilm, dann ins-Bett-gehen. Die Ereignisse im engsten Kreise der Familie von damals, die Straße in der wir lebten, der Kindergarten, die Grundschule, manches Wochenende außerhalb der Stadt... Die Erinnerungen an diese Zeit sind abstrakt, matt, mit dem einen oder anderen Ereignis, Gefühl oder einer Atmosphäre an die ich mich erinnere verbunden – etwas was sich stärker in meinem Gedächtnis eingeprägt hat. Ich überlege welche Schlagwörter diese Zeit für mich beschreiben: Kindheit, Spiel, die Sendungen „Branko-Kockica" und „Busava azbuka", die Zeitschrift „Politikin Zabavnik", Tito, Friede, Brüderlichkeit – Einheit, Jugoslawien, Berliner Mauer...

In der zweiten und dritten Dekade meines Lebens, in der ich mir der Welt um mich herum bewusst wurde, erschienen in meinem Wortschatz neue Wörter und Begriffe, deren wirkliche Bedeutung ich erst erfassen konnte als sie in meiner unmittelbaren Umgebung passierten: Krieg in der Nachbarschaft, Bosnien und Herzegowina, Unabhängigkeit, Warteschlangen für Benzin, EU, Integration und Desintegration, Krieg in Mazedonien, Korruption... Alle diese Wörter haben Anteil an der Entstehung meiner Persönlichkeit und der Art und Weise wie ich denke. Die Prioritätenwechsel der Regierungen der unterschiedlichen politischen Systeme potenzieren nur die Flexibilität der Individuen, sich anzupassen und außerhalb dieser Ereignisse ihre eigene Realität zu schaffen – etwas was die momentanen Strömungen überdauert.

Das Jahr 2009, fast 30 Jahre alt, Berlin...
Bevor ich nach Berlin fuhr, entschloss ich mich das ganze Vorwissen beiseite zu lassen und die Stadt im Gespräch mit den Künstlern zu erleben und während der Zeit meines Aufenthaltes meinen eigenen Endruck zu gewinnen. Interessant ist, wie eine Stadt sich an ihre Geschichte erinnert und wie man, wenn man sich in ihr bewegt, die Spuren spürt, die jede Generation in ihr hinterlassen hat. Ich wurde mir der Etappen bewusst, in denen sich die herrschenden Systeme entwickelten und die durch ihre Art der Kommunikation Eindruck in meiner Erinnerung hinterließen.

Der Fall der Berliner Mauer und die nachfolgenden Auswirkungen sind Ereignisse, die zwei Jahrzehnte meines Lebens markieren. Die Erinnerungen an die Geschehnisse von 1989 sind weit weg. Neblig erinnere ich mich an eine Gruppe Leute vor dem Fernsehbildschirm und eine enthusiastische, aufregende Atmosphäre... das Gefühl am Ende einer historischen Etappe, am Übergang in eine andere zu sein. Ein Gefühl der Befreiung, Ungewissheit und des Abwartens. Die Berliner Mauer war nie ein Hauptereignis in meinem Leben, aber unbewusst war sie immer gegenwärtig in meinen Erkenntnissen über die mich umgebende Realität. Mein Aufenthalt in dieser Stadt zwang mich an die Präsenz dieses Ereignisses in meiner Erinnerungslandschaft zu denken. Das Bewusstsein, dass ich Zeuge eines „historischen Ereignisses" bin, zwang mich – jetzt aus einer ganz anderen Perspektive – über dessen Bedeutung im Alltagsleben der Leute nachzudenken.

„The World Within" ist eine Ausstellung mit 6 Künstlern. Sie konzentriert sich auf die individuellen Erinnerungen, die durch die gesellschaftlichen Veränderungen im Laufe der vergangenen 20 Jahre in Europa, beginnend mit den Geschehnissen in Berlin, hervorgerufen wurden. Sie versucht nicht die offizielle Geschichte der Ereignisse neu zu kreieren, sondern erzählt persönliche Geschichten, zeigt wie die Veränderungen unterschiedlich erlebt werden und erinnert daran, wie ein historischer Moment die Erfahrungen jedes Einzelnen beeinflusst. Die Ausstellung öffnet Raum für Erinnerungen, realisierte und nicht realisierte Ideen, verstrickt mit den realen Erfahrungen und der gesellschaftspolitischen Entwicklung der beiden Länder aus denen die Künstler dieser Ausstellung kommen: Mazedonien und Deutschland.

Schlussendlich wurde die Berliner Mauer als Metapher genommen, als Ausgangspunkt für Diskussionen, die den Künstlern erlaubt, ihre Erinnerungen weiter zu durchforsten und welche, in einer Ausstellung miteinander verbunden, ein paralleles kollektives Bewusstsein für eine bestimmte räumlich-zeitliche Entwicklung bilden. Die Ausstellung schafft einen Raum, der einen Panoramablick über persönliche Ansichten und Erlebnisse bietet.

Elena Veljanovska

## Штефка Амон / Stefka Ammon

# Донер на Истокот / Döner im Osten

Стефка Амон, е по потекло од Западна Германија. Во 1993 година таа се сели во Берлин, во населбата Вајзензи, дел од поранешна Источна Германија. Во овој период се појавува и првата Донер сендвичара во населбата. Нејзиното отварање предизвикува љубопитство и чудење кај локалното население.

Делото е во форма на типична светлечка Донер реклама којашто ја доловува атмосферата на денешен Берлин, кадешто овие сендвичари доминираат во пејсажот на градот. Дизајнот на рекламата е речиси идентичен со оној што може да се сретне на овие прехрамбени локации, со додадени статистички информации за динамиката на отварањето на овие сендвичари, нивната територијална експанзија во Берлинската населба Вајзензи, како и динамиката на затворање во различни периоди.

Делото зборува за нештата коишто се случуваат околу отварањето на постојките за Донер; моментот на средба и размена на Западногерманската и Источногерманската култура. Со рушењето на ѕидот, двете страни за прв пат се среќаваат со „други култури", стекнувајќи искуства коишто ги прошируваат и предизвикуваат сфаќањата за тоа кои сме и какви можеме да бидеме. Личниот пристап му дава на гледачот простор да ги рефлектира своите искуства.

Stefka Ammon stammt aus Westdeutschland. 1993 zieht sie nach Berlin in das Stadtviertel Weißensee, Teil des früheren Ostdeutschlands. Zu diesem Zeitpunkt wird auch der erste Dönerstand in der Nachbarschaft eröffnet. Die Eröffnung ruft Neugier und Verwunderung bei der lokalen Bevölkerung hervor.

Die Form des Werkes entspricht der typischen Döner-Leuchtreklame, die die Atmosphäre des heutigen Berlins vermittelt, wo diese Stände die Stadtlandschaft dominieren. Das Design der Reklame ist fast identisch mit jenen, die man auf diesen Dönerständen findet. Hinzugefügt wurden statistische Informationen, die sich auf die Dynamik beziehen, mit der diese Imbissbuden eröffnet wurden – ihre territoriale Verbreitung im Berliner Stadtviertel Weißensee, als auch die Dynamik, mit der sie zu unterschiedlichen Zeitpunkten wieder geschlossen wurden.

Die arbeitet handelt über die Geschehnisse während der Eröffnungen der Dönerstände – der Moment des Treffens und Austauschs zwischen west- und ostdeutscher Kultur. Mit dem Fall der Mauer treffen beide Seiten zum ersten Mal die „andere Kultur", die sich ausweitet und das Verständnis, wer wir sind und was wir sein können, herausfordert. Der persönliche Ansatz gibt dem Betrachter Raum, seine eigenen Erfahrungen zu reflektieren.




Die Karte zeigt alle jemals in Weissensee von 1990 - 04/2009 angemeldeten Dönerbuden.
Alle Angaben ohne Gewähr

All Doner-stands that ever registered in Weissensee between 1990 and 04/2009 are marked in this map. Errors and omissions excepted

# Ивана Драгшиќ / Ivana Dragsik
# Alle Schengener Staaten –Gr II

Импресија.

Сеќавање на атмосфера, средина, простор, боја, звук и линии. Во светста на стотици илјади личности се врежани истите овие сензации, по бар неколку пати. Тип на реалност што само Ние можеме да ја почувствуваме, само Сега.
Како клучен збор, препознатлив само за одредени генерации, дефиниран од некое модерно правило на потекло. Наскоро ќе стане минато, засекогаш останувајќи во нашиот ум како фрагмент од процес кој дефинираше голем дел од тоа каков е нашиот пристап кон патувањето, подвижноста, врските, комуникациите, соработката и слободното време. Процес кој дефинираше некои параметри, можности и пречки во нашите умови.

Во еден момент, само пасошите со одминат рок ќе сведочат за многу од тоа што останало во нашите глави, умови и свест. Колективна меморија за еден феномен, дефиниран од одредени просторно-временски карактеристики.
Делото се осврнува на околината во една чекална, како специфична и силна импресија од едни турбулентни времиња, кога различни страни се отвараа една кон друга. Време поминато одговарајќи прашања, исполнувајќи очекувања, само-испитувајќи се, чекајќи, но сепак со доверба и апетит за Новото и Различното. Време кое буквално сме го поминале заедно, и ќе го споделуваме и понатаму, во заедничката меморија за една неутрална просторија со едноставни и прави линии, дисторзирана комуникација и видливост, поплава од информации и туѓинци кои делат исти сензации.
Колку далеку може да оди нашата меморија, обидувајќи се да ја создаде истата сензација, во моментот кога реалноста станува минато?

Eindruck.

Erinnerungen an die Atmosphäre, Umgebung, den Raum, die Farbe, Geräusche und Linien. Das Faszinierende daran ist, dass es hunderttausend andere Menschen gibt, in deren Bewusstsein sich mindestens einige Male dieselben Empfindungen eingeprägt haben. Eine Art Realität, die nur Wir nur Hier fühlen können.
Wie ein Schlagwort, das nur von bestimmten Generationen erkannt wird, definiert durch eine Art modernes Abstammungsrecht. Bald wird es Vergangenheit sein, für immer in unseren Gedanken verbleibend als Fragment des Prozesses, der zu großem Teil unseren Zugang zu Themen wie Reisen, Mobilität, Verbindungen, Kommunikation, Zusammenarbeit und Freizeit definierte.

Eines Tages werden nur die abgelaufenen Pässe Zeugnis für so Vieles sein, das in unseren Köpfen, Gedanken und unserem Bewusstsein geblieben ist. Ein kollektives Gedächtnis für ein Phänomen, das von bestimmten räumlich-zeitlichen Charakteristiken definiert wurde.
Das Kunstwerk stellt einen Blick in einen Warteraum dar, ein spezifischer und starker Eindruck aus einer turbulenten Zeit, als unterschiedliche Seiten sich einander öffneten. Zeit, die verging indem man Fragen beantwortete, Erwartungen erfüllte, sich selbst prüfte, wartete, jedoch immer mit Selbstvertrauen und Appetit auf das Neue und Andere. Eine Zeit die wir im wahrsten Sinne des Wortes miteinander verbracht haben und die wir auch weiterhin miteinander teilen in der gemeinsamen Erinnerung an einen neutralen Raum mit einfachen und geraden Linien, verzerrter Kommunikation und Sichtbarkeit, eine Flut an Informationen und Fremden, mit denen man die gleichen Empfindungen teilt.
Wie weit kann unsere Erinnerung gehen bei dem Versuch, dieselben Empfindungen zu erzeugen, in jenem Moment, in dem die Realität zur Vergangenheit wird?


ALLE SCHENGENER
STAATEN -GR

## Ѓорѓе Јовановиќ / Gjorgje Jovanovik

# Свиракус / Svirakus

„Свиракус" се занимава со начинот на креирање митови и нивната употреба во служба на „националното будење" и со луѓето коишто биле на маргините на општеството. Делото го преиспитува и начинот на којшто се креира историјата. Понатаму, зборува за уметниците коишто во тоталитарните системи креираат надвор од официјалната матрица и политика на делување и нивната исклученост од поддршката на институциите коишто се задолжени за креирање на официјалната историја на уметност. „Свиракус" е иронична и комична приказна за пронаоѓањето на историската алка којашто недостасува.

Инсталацијата претставува „музеј" на делата на имагинарниот лик – уметникот Свиракус. Тој живее и создава во општество во коешто доминира клима на цензура и тоталитаризам којашто нема слух за неговиот начин на делување. Овој „музеј" нуди повеќеаголно читање на делото. Од една страна се прикажува креативноста и доследноста на авторот да креира во непогодна политичка клима, и да не престане да верува во својот поглед на нештата. Од друга страна зборува за репресиите на претходните системи чијашто структура и начин на работа се пренесува и во културните институции задолжени за поддршка на авторите и заштита на нивната работа.

Die Installation „Svirakus" beschäftigt sich damit, wie Mythen kreiert werden, wie jene im Dienste des „nationalen Erwachens" benutzt werden und mit jenen Menschen, die am Rande der Gesellschaft stehen. Das Kunstwerk stellt die offizielle Geschichtsschreibung in Frage. Es erzählt von Künstlern, die in totalitären Systemen außerhalb des Kanons und der geduldeten Wirkungspolitik schöpferisch tätig sind und davon, dass sie keine Unterstützung durch die Institutionen erfahren, die in ihrer Auswahl die offizielle Kunstgeschichte gestalten. „Svirakus" ist eine ironische und komische Geschichte über das Finden eines historischen Missing Links der Kunstgeschichte.

Jovanoviks Installation ist das „Museum" der Werke des Künstlers Svirakus – einer imaginären Gestalt. Svirakus lebt und arbeitet in einer Gesellschaft, in der ein Klima der Zensur und des Totalitarismus dominiert, die für sein Wirken kein Verständnis hat. Dieses „Museum" lädt dazu ein, das Werk aus mehreren Blickwinkeln zu interpretieren. Auf der einen Seite werden die Kreativität und die Konsequenz des Autors gezeigt, der in einem ungünstigen politischen Klima künstlerisch aktiv ist und nicht aufhört, an seine Sicht der Dinge zu glauben. Auf der anderen Seite erzählt es von den Repressionen der früheren totalitären Systeme, deren Struktur und Arbeitsweise von den Kulturinstitutionen übernommen wurden, die für die Unterstützung der Künstler und ihrer Arbeit zuständig waren.


СВИРАКУС
1907- 1999





## Катја Пудор / Katja Pudor

# Сакам да запаметам / Ich will mich erinnern

Делото„Сакам да запаметам" е продолжение на делото„Од другата страна" коешто Пудор го изработи за изданието на изложбата во Берлин. „Од другата страна" беше реакција на мозаикот на Валтер Вомакер, коешто е дел од декорацијата на фасадата на *Зградата на учителот (Haus des Lehrers)* сместена на Александарплац во Берлин. Делото на Вомакер е апотеоза на социјалистичко-комунистичката утопија, исликувајќи го класичниот триумвират фармер-работник-научник, а својата порака ја шири од доминантна позиција: главниот плоштад во Источен Берлин. Со ова дело, уметничката ја искажа својата критика на овој систем на вреднување на идеали генерирајќи ги негативните форми на социјалистичката утопија преку клучни зборови коишто ја формираат човековата егзистенција: агресија, нетолеранција, антисемитизам, ксенофобија, расизам, бруталност, злупотреба, алчност, гордост, презир и завист. Овој дел се фокусира на обработка на државните симболи, нивните пораки и начинот на којшто ние паметиме преку нив.

Делото претставено на оваа изложба„Сакам да запаметам" е втор дел во истражувањето на Пудор. Авторката овој пат ја отвара својата„лична кутија на сеќавања", испитувајќи ја својата структура на паметење и поставувајќи го прашањето:„Како изгледа меморијата?" Таа ги изложува своите мисли низ слоеви хартија коишто се испреплетуваат меѓусебно, креирајќи„тепих" од колажи, директно доработени и поставени на ѕидовите на галеријата. Делото од хартија оди назад кон идеалите на човековата егзистенција коишто се независни од општествените форми и се поврзуваат со општествените утопии на Вомакер.

Die Arbeit„ Ich will mich erinnern" ist die Fortsetzung der Arbeit„Die andere Seite", welche Pudor für die Ausstellung in Berlin angefertigt hat.„Die andere Seite" war eine Reaktion auf das Mosaik mit dem Titel„Unser Leben" von Walter Womacker, das die Fassade des *Haus des Lehrers* am Alexanderplatz in Berlin dekoriert. Das Kunstwerk Womackers ist eine Apotheose der sozialistisch-kommunistischen Utopie, in der er das klassische Triumphvirat Bauer – Arbeiter – Wissenschafter darstellt. Seine Botschaft verbreitet er aus einer dominanten Position: dem„Hauptplatz" im östlichen Berlin. Mit ihrer Arbeit drückte die Künstlerin ihre Kritik an diesem System der Bewertung von Idealen aus, indem sie die negativen Formen der sozialistischen Utopie mit Schlüsselwörtern erzeugte, die die menschliche Existenz bilden: Aggression, Intoleranz, Antisemitismus, Fremdenfeindlichkeit, Rassismus, Brutalität, Missbrauch, Gier, Verachtung und Abhängigkeit. Dieser erste Teil konzentrierte sich auf die Bearbeitung von staatlichen Symbolen, deren Botschaften und die Art und Weise, wie wir durch sie erinnert werden.

Die Arbeit„Ich will mich erinnern", die in dieser Ausstellung vorge-stellt wird, ist der zweite Teil der Untersuchung Pudors. Die Künstlerin stellt sich die Frage:„Wie sieht Erinnerung aus?" und geht bei ihren Untersuchungen von der Vorstellung ihrer eigenen Erinnerungsstruktur aus. Im Ergebnis fixiert sie unterschiedliche Strukturen in Schichten - die miteinander verstrickt sind, sich durchdringen - direkt auf die Wand. Diese Papierarbeit greift auf Ideale menschlicher Existenz zurück, die unabhängig von Gesellschaftsformen sind und schließt damit wieder an die Gesellschaftsutopie Womackers an.



ich
LOVE
KEIT
erinnern
WÜRDE
erinnern
ich
HUMANITAS
FÜRSORGE
CHKEIT
erinnern
erinnern
HUMANITAS
BRUDERLICHKEIT
FRIEDE
mich
ich

## Инкен Рајнерт / Inken Reinert

# Смарагд 801 / Smaragd 801

Веќе подолго време, Инкен Рајнерт креира инсталации од индустриски произведен мебел во Источна Германија. Како дел од оваа изложба, во Берлин таа креираше инсталација-подвижен бар составен од колекцијата „Смарагд 801". Барот функционираше во рамките на изложбата како платформа за комуникација и дружење. Неговата подвижна форма овозможи тој да се постави на две различни јавни локации во Берлин, кадешто случајните минувачи, особено оние од „постарите генерации" со восхит евоцираа спомени препознавајќи го дизајнот којшто некои од нив сеуште го имаат во своите домови.

Делата на Рајнерт се во целосна функција кога се во директен однос со публиката. Начинот на којшто се поставени секогаш повикува на неколкунасочна комуникација: помеѓу уметниците во самата изложба, оставајќи простор за некој од уметниците да „интервенира" во инсталацијата внесувајќи свое дело. Другата насока на комуникација е онаа со публиката: преку поставените парчиња мебел таа суптилно предизвикува набој од емоции, длабоко навирајќи во сеќавањата коишто тие парчиња мебел ги предизвикуваат кај оние што некогаш го поседувале.

Seit einiger Zeit kreiert Inken Reinert Installationen aus industriell in Ostdeutschland hergestellten Möbeln. Als Teil dieser Ausstellung schuf sie in Berlin eine mobile Bar, für die sie unter anderem eine Schrankwand der Serie „Smaragd 801" benutzte. Die Bar fungierte im Rahmen der Ausstellung als Plattform zur Kommunikation und um gemeinsam Zeit miteinander zu verbringen.
An zwei öffentlichen Orten in Berlin aufgestellt, evozierte die Installation besonders bei der „älteren Generation" Erinnerungen – vor allem bei jenen, die das Möbeldesign erkannten, das immer noch bei ihnen zu Hause stand.

Die Werke von Reinert erreichen ihre volle Wirkung, wenn sie in direkter Beziehung mit dem Publikum stehen. Die Art und Weise wie sie aufgestellt werden, ruft immer zu einer mehrseitigen Kommunikation auf: jene zwischen den Künstlern in der Ausstellung, indem sie Raum dafür lassen, dass ein anderer Künstler mit einem eigenen Werk in der Installation „interveniert". Und jene mit dem Publikum, bei dem durch die ausgestellten Möbelteile subtil Emotionen geweckt werden und das mit der Erinnerung an eigene vergangene Möbel konfrontiert wird.



## Игор Тошевски / Igor Toshevski
# Територии / Territorien

Проектот „Територии“ за прв пат беше изложен во 2004 година во Скопје. „Територии“ е дело во процес коешто ги испитува формалните бариери помеѓу уметноста и не-уметноста, како и лингвистичките аспекти на националните идентитети, јазикот и тн.

Во земја каде што приматот на крвта и територијата се вековен изговор за бесконечен и брутален конфликт, денешното поместување на границите е прашање од исклучително деликатна природа. Додека дебатираме за тоа дали нацијата е еквивалент на државата или дали националноста во крајна линија значи територија, се наоѓаме себеси во состојба на поделеност по линија на етнос, националност, религија или име.

Делото се осврнува на овие поделби и ги преиспитува границите на уметноста. Преку декларацијата (перформативна акција), дадената територија Ве предизвикува да влезете во неа и да се инволвирате на директен начин. Останува на секој од нас да дејствува во рамките на полето на неограничената слобода.

Das Projekt „Territorien“ wurde das erste Mal im Jahr 2004 in Skopje ausgestellt. „Territorien“ ist ein Kunstwerk, das sich kontinuierlich in Arbeit befindet. Es untersucht die formalen Barrieren zwischen Kunst und Nicht-Kunst, sowie die linguistischen Aspekte nationaler Identität und Sprache.

In einem Land in dem Blut und Territorium ein uralter Vorwand für endlose und brutale Konflikte waren, handelt es sich bei den heutigen Verschiebungen der Grenzlinien um eine sehr sensible Angelegenheit. Während wir diskutierten, ob nun eine Nation eigentlich ein Staat ist oder ob eine Nationalität letztendlich auch Territorium bedeutet, wurden wir in Ethnien, Nationalitäten, Religionen und Namen gespalten.

Das Kunstwerk reflektiert diese Aufspaltungen und hinterfragt die Grenzen der Kunst. Durch die Deklaration eines Territoriums (performativer Akt), wird der Betrachter direkt involviert, indem er herausgefordert wird, sich in ein gegebenes Territorium zu begeben. Jedem ist selbst überlassen im Bereich der unbegrenzten Freiheit zu agieren.


САШО
МИШКО

## Дискусија / Diskussion

# Простор за уметност / Raum für Kunst

**19:00h, 16.10.2009**

**Модератор:** Елена Велјановска

**Учесници:** Штефка Амон, Христина Иваноска, Ѓорѓе Јовановиќ, Инкен Рајнерт, Игор Тошевски и Јане Чаловски

Галериите нудат алтернативен простор за уметност и ја охрабруваат размената на уметноста меѓу уметниците. Градот Берлин, со разновидноста на галерии е главен град на уметноста во Европа. Од друга страна, Скопје има вибрантна уметничка сцена, но недостасуваат галериски простори. Диксусијата ќе ги разгледува следните состојби: Што се е потребно за една уметничка сцена да фукционира? Која е улогата на галериите во неа? Дали постојат услови за имплементација на ваков систем во Скопје?

Поканетите учесници во дискусијата, уметници и галеристи од Скопје и Берлин, ќе ја претставaт моменталната состојба во двата града и ќе ги дискутираат погоре поставените прашања.

**Moderatorin:** Elena Veljanovska

**Teilnehmer:** Stefka Ammon, Yane Calovski, Hristina Ivanoska, Gjorgje Jovanovik, Inken Reinert und Igor Toshevski

Galerien bieten alternative Räume für Kunst und regen den Austausch an Kunst und zwischen Künstlern an. Berlin ist mit einer Vielzahl an Galerien eine Kunsthauptstadt Europas. Im Gegensatz verfügt Skopje zwar über eine dynamische Kunstszene, Galerien sind jedoch so gut wie nicht vorhanden. Die Diskussion wird über diese Bedingungen reflektieren: Was sind die Vorraussetzungen für ein funktionierendes Kunstumfeld? Welche Rolle spielen Galerien dabei? Warum gibt es kaum alternative Räume für Kunst in Skopje? Und gibt es die Bedingungen für die Implementierung eines solchen Systems in Skopje?

Die geladenen Diskussionsteilnehmer, Künstler und Vertreter von Galerien aus Berlin und Skopje, werden die gegenwärtige Situation der beiden Städte präsentieren und die genannten Fragen erörtern.

# Видео проекции / Videoprojektionen

**21:00 h, 16.10.2009**

Редослед на видео програмата / Reihenfolge des Videoprogramms:

1. Do Not Let Me Find the Words / Nicole Degenhardt / 2004 / 11:54 min
2. Elective Affinities / Nicole Degenhardt / 2005 / 5:20 min
3. Untitled utopia - The Dancer / Berit Hummel / 2007 / 5:43 min
4. Going to see Bruce Nauman / Stefka Ammon/ 2000 / 10:29 min
5. Finding Winnetou / Stefka Ammon / 2004 / 15:53 min

Вкупно времетраење на проекциите Gesamtlänge des Videoprogramms 48:30 min

# Биографии
## Biografien

**Штефка Амон** (р. 1970, Герден) Живее во Берлин. Таа е обучен скулптор на камен, а студирала вајарство во Берлин (КНВ) и во Филаделфија (PAfA). Добила повеќе награди, стипендии за проекти, подршка и престој и изложувала на интернационално ниво. Таа ја води интердисциплинарната студиска програма на КНВ Вејсензе, држи семинари и предава на универзитети и фондации.

**Stefka Ammon** (1970, Gehrden) lebt in Berlin. Sie ist gelernte Steinbildhauerin und studierte in Berlin (KHB) und Philadelphia (PAfA) Bildhauerei. Sie erhielt mehrere Auszeichnungen, Projekt-, Förder- und Aufenthaltsstipendien und stellte International aus. Sie leitete den interdisziplinären Studiengang der KHB Weißensee, lehrte bei Workshops an Universitäten und bei Stiftungen.

**Елена Велјановска** (р. 1979, Скопје) Во 2007 година дипломира на факултетот за Историја на уметност и археологија во Скопје. 2003 – 2006 работи во Културниот центар Точка, Скопје. 2006: ко-основач на Line Initiative and Movement (www.line.org.mk) 2009: март – август, гостин куратор во Stedefreund галеријата во Берлин, Германија; ко-куратор на македонскиот павилјон на 53 Интернационална изложба во Венеција.

**Elena Veljanovska** (1979, Skopje) schließt 2007 ihr Studium an der Fakultät für Kunstgeschichte und Archäologie in Skopje ab. 2003-2006 arbeitet sie im Kulturzentrum Tocka in Skopje. 2006: Mitbegründerin von Line Initiative and Movement (www.line.org.mk) 2009: März-August Gastkuratorin an der Stedefreund Galerie in Berlin; Co-Kuratorin des mazedonischen Pavillons auf der 53. Internationalen Kunstausstellung in Venedig.

**Никол Дегенхарт** (р. 1974, Лаинефелде) Дипломира на Баухаус Универзитетот во Вајмар и магистрира на Универзитетот за уметност во Берлин (Art in context) со фокус на видео и инсталација во рамки на интердисциплинарните практики. Во нејзините дела таа вклучува научен контекст, институционална околина и кураторски активности. Живее и работи во Берлин.

**Nicole Degenhardt** (1974, Leinefelde) studierte an der Bauhaus Universität in Weimar. Ihren Magister absolvierte sie an der Kunstuniversität in Berlin (Art in context) mit Schwerpunkt auf Video und Installationen im Rahmen der interdisziplinären Praktiken. In ihren Werken finden sich wissenschaftlicher Kontext, institutionelle Umgebung und kuratorische Aktivitäten. Sie lebt und arbeitet in Berlin.

**Ивана Драгшиќ** (р. 1982, Подгорица) Дипломира на Факултетот за социологија во Скопје, со посебен интерес во граѓанска партиципативност, локална самоуправа, уметност и активизам. Работи индивидуално и како дел од различни формални и неформални групи кои делуваат во областа на овие прашања. Живее и работи во Скопје.

**Ivana Dragsik** (1982, Podgorica) schließt ihr Studium an der Fakultät für Soziologie in Skopje ab, mit besonderem Interesse an der Bürgerbeteiligung, lokaler Selbstverwaltung, Kunst und Aktivismus. Sie arbeitet individuell und als Teil verschiedener formeller und informeller Gruppen, die im Bereich dieser Fragen tätig sind. Sie lebt und arbeitet in Skopje.

**Ѓорѓе Јовановиќ** (р. 1980, Скопје) Во 2003 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Негов главен фокус на истражување е прашањето на интеграцијата и дезинтеграцијата на современиот човек. Во 2009 година ја добива Годишната награда за млад визуелен уметник„Денес". Своите дела ги изложувал во Македонија, Европа и САД. Живее и работи во Скопје.

**Иван Петрушевски** (р. 1985, Скопје) Студира на факултетот за Историја на уметност и археологија во Скопје. Работи како графички дизајнер. Во 2006 и 2007 изложува со неформалниот уметнички колектив НМП и зема учество во повеќе проекти и групни изложби во Скопје и Атина. Во 2009 ја добива EVGE наградата за графички дизајн.

**Катја Пудор** (р. 1965, Берлин) Живее и работи во Берлин. Студирала сликарство на КНВ Вејсензе кај Катарина Гросе. Нејзината работа опфаќа сликарство во инсталации и партиципаторски проекти. Од 2004 редовно изложува во Германија и надвор. Таа е ко-иницијатор на уметнички проекти како што се Electric Ladyland во 2005 г. во Берлин и Stedefreund во 2006 г. во Берлин.

**Инкен Рејнерт** (р. 1965, Јена). Студирала на КНВ Вејсензе. Се занимава со наследството на социјалистичката модерна во цртежи и во инсталации. Покрај тоа, вклучена е и во колаборативен проект за цртање и во месечен салон за размена на идеи (www.damensalon.net). Таа била ко-кураторка на изложба и организирала интернационални работилници.

**Gjorgje Jovanovik** (1980, Skopje) 2003 schließt er sein Studium an der Fakultät für bildende Künste in Skopje ab. Sein Hauptfokus liegt auf der Untersuchung der Frage nach der Integration und Desintegration des modernen Menschen. Im Jahr 2009 erhält er den Preis „Denes", der jährlich an einen jungen visuellen Künstler vergeben wird. Seine Werke stellt er in Mazedonien, Europa und in den USA aus. Er lebt und arbeitet in Skopje.

**Ivan Petrushevski** (1985, Skopje) studiert an der Fakultät für Kunstgeschichte und Archäologie in Skopje und arbeitet als Grafikdesigner. 2006 und 2007 stellt er mit dem informellen Künstlerkollektiv NMP aus und nimmt an mehreren Projekten und Gruppenausstellungen in Skopje und Athen teil. 2009 erhält er den EVGE-Preis für grafisches Design.

**Katja Pudor** (1965, Berlin) lebt und arbeitet in Berlin und studierte an der KHB Weißensee bei Katharina Grosse Malerei. Ihre Arbeit verhandelt Malerei in Installationen und partizipatorischen Projekten. Seit 2004 regelmäßige Ausstellungen im In- und Ausland. Sie ist Mitinitiatorin verschiedener Kunstprojekte wie 2005 Electric Ladyland, Berlin, 2006 Stedefreund, Berlin.

**Inken Reinert** (1965, Jena) lebt in Berlin. Sie studierte an der KHB Weißensee. Sie setzt sich zeichnerisch und in Installationen mit dem Erbe der sozialistischen Moderne auseinander. Daneben engagiert sie sich in einem gemeinschaftlichen Zeichenprojekt und einem monatlichen Salon zum Ideenaustausch (www.damensalon.net). Sie ko-kuratierte eine Ausstellung und organisierte internationale Workshops.

**Игор Тошевски** (р. 1963, Скопје) Во 1988 Дипломира на Kuvataide академијата во Хелсинки, Финска. Тој е еден од основачите на групата Зеро (1985-1990). Во 1990те, неговите дела добиваат концептуален пристап, фокусирајќи се главно на социјална и политичка тематика. Неговите дела се изложувани во Македонија и Европа.

**Вибке Штадлер** (р. 1980, Хамбург) Живее во Скопје. Дипломирала на Факултетот за културни студии и работи во Културниот центар Точка, Скопје. Таа има реализирано различни проекти од областа на филмот, уметноста, театарот, социо-историјата и се занимава со научничка работа на Универзитетот од Линебург. Таа е ко-основач на културниот простор „Дневна соба“ во Линебург, Германија.

**Берит Хумел** (р. 1975, Лајпциг) Живее во Берлин, студирала на HGB Лајпциг и на Универзитетот за уметности во Берлин. Во 2007 добива стипендија за културна размена од Берлинскиот сенат за Москва. 2005, уметничка резиденција во Hull Time Based Arts, Велика Британија. Од 2000 работи: инсталации, видео, перформанс, фотографија, цртеж, проекти во јавен простор. Изложува од 2001 година.

**Igor Toshevski** (1963, Skopje) schließt sein Studium 1988 an der Kuavtaide Akademie in Helsinki, Finnland ab. Er ist einer der Gründer der Gruppe Zero (1985-1990). In den 1990er Jahren bekommen seine Werke einen konzeptuellen Ansatz, er konzentriert sich hauptsächlich auf soziale und politische Thematiken. Seine Werke werden in Mazedonien und Europa ausgestellt.

**Wiebke Stadler** (1980, Hamburg) lebt in Skopje. Sie ist Kulturwissenschaftlerin und als Kulturmanagerin am Kulturzentrum Tocka, Skopje tätig. Sie hat mehrere Projekte im Film, Kunst, Theater und Sozialhistorischen Bereich realisiert und an der Universität gearbeitet. Sie ist Mitbegründerin des Kulturraums „Das Wohnzimmer“ in Lüneburg, Deutschland.

**Berit Hummel** (1975, Leipzig) lebt in Berlin und studierte an der HGB Leipzig und der UdK Berlin. 2007: Austauschstipendium des Berliner Senats für Moskau. 2005: Artist in Residence, Hull Time Based Arts, GB. Seit 2000: Installationen, Videos, Performances, Fotografien, Zeichnungen, Projekte im öffentlichen Raum. Seit 2001: Einzel- und Gruppenausstellungen.

## The World Within
# Impressum

**Куратор**: Елена Велјановска
**Координатор на проектот**: Wiebke Stadler

**Текстови**: Елена Велјановска
**Превод**: Маргарете Заев
**Дизајн**: Иван Петрушевски

**Печатено во**: Про Поинт, Скопје
**Копии**: 1000

**Поддршка**: Германска амбасада- Скопје, Robert Bosch Фондација

**Соработници**: Музеј на Град Скопје, Контрапункт

**Спонзори**: Про Кредит Банка, Винарија Сковин, Горска

**Тимот на изложбата сака да им се заблагодари на**:
Sonja Bohnet, Rebecca Brodskis, Kyd Campbell, Cultural Center CK, Gorska, Христина Иваноска, Владимир Јанковски, Ingrid Klenner, Ана Корженска, Jérôme Lauer, Габриела Лазаревска, Музејот на Град Скопје, Rave Фондацијата, Carolin Rölle, Bernard Stadler, Heiko Schmid, Dirk Schaller, Skovin, Biljana Severinova, Stedefreund, Кристина Стоичковска, Frank Stössel, Билјана Трајковска, Јелена Трајкоска, Јован Шурбановски, Ели Урумова, Johanna Holst, Филип Христов, Јане Чаловски

*Печатењето на каталогот е овозможено од Про Кредит Банка*

**Kuratorin**: Elena Veljanovska
**Projektkoordinatorin**: Wiebke Stadler

**Texte**: Elena Veljanovska
**Übersetzung**: Margarete Zaev
**Gestaltung**: Ivan Petrushevski

**Druck**: Pro Point, Skopje
**Kopien**: 1000

**Förderer**: Deutsche Botschaft Skopje, Robert Bosch Stiftung

**Kooperationspartner**: Museum der Stadt Skopje, Kontrapunkt

**Sponsoren**: Pro Credit Bank, Skovin, Gorska

**Das Ausstellungsteam bedankt sich bei**:
Sonja Bohnet, Rebecca Brodskis, Yane Calovski, Kyd Campbell, Cultural Center CK, Gorska, Johanna Holst, Filip Hristov, Hristina Ivanoska, Vladimir Jankovski, Ingrid Klenner, Ana Korzhenska, Jérôme Lauer, Gabriela Lazarevska, Museum der Stadt Skopje, Rave Stiftung, Carolin Rölle, Bernard Stadler, Heiko Schmid, Dirk Schaller, Skovin, Biljana Severinova, Stedefreund, Frank Stössel, Kristina Stoickovska, Biljana Trajkovska, Jelena Trajkoska, Jovan Shurbanovski, Eli Urumova

*Der Druck des Katalogs wurde von der Pro Credit Bank ermöglicht*

Овој проект е дел од манифестацијата Германски недели / Dieses Projekt entstand im Rahmen der Deutschland Wochen


20 Jahre Mauerfall
60 Jahre Bundesrepublik Deutschland

Botschaft
der Bundesrepublik Deutschland
Skopje

Robert Bosch Stiftung

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

КОНТРАПУНКТ

ProCredit Bank

SKOVIN
Winery
www.skovin.com.mk

ГОРСКА
вода

GORA